Врз основа на член 101 став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113 /2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012 и 13/2013) и член 120 став (4) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско („Службен весник на Република Македонија” број 7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на донесе

**Правилник за постапка за избор на домашни правни лица за вршење на услуги со хартии од вредност**

**(неофицијален пречистен текст)**
**(„Службен весник на Република Македонија”бр.110/2013, 47/2014 и 32/2018)**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува потребниот обем на тргување, кадровската, техничката и организациската оспособеност на домашните правни лица кои можат да бидат избрани за вршење на услуги со хартии од вредност за задолжителните и доброволните пензиски фондови.

**Член 2**

(1) Постапката за избор на домашни правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност друштвото за управување со задолжителни пензиски фондови, друштвото за управување со доброволни пензиски фондови и друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: пензиско друштво) ја спроведува по потреба. Изборот на домашни правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност се врши за период од 365 дена.

(2) Друштвата за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови можат да спроведат единствена постапка за избор на домашни правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност за задолжителниот и за доброволниот пензиски фонд или да спроведат посебна постапка за избор на домашни правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност за задолжителниот и посебна постапка за избор на домашни правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност за доброволниот пензиски фонд.

**Член 3**

Домашното правно лице кое врши услуги со хартии од вредност за да учествува во постапката за избор на домашни правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност треба да:

а) е во првите 10 домашни правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност според обемот на тргување односно остварен промет на класично тргување со хартии од вредност за последните шест месеци пред започнување на постапката за избор, согласно официјалната статистика на Македонската берза;

б) има вработено најмалку двајца овластени брокери со најмалку 2 години работно искуство како овластен брокер и

в) има соодветен информациски, компјутерски и комуникациски систем организиран на начин со кој ќе се обезбеди точност, веродостојност и сигурност при обработката, преносот и чувањето на податоците како и организациски делови со кои се обезбедува ефикасно вршење на работите на правното лице.

**Член 4**

(1) Заради обезбедување на конкуренција во делот на трансакциските провизии што ги наплатуваат домашните правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност, пензиското друштво доставува покана за доставување на понуди до сите домашни правни лица кои вршат услуги со хартии од вредносткои го исполнуваат критериумот од член 3 став (1) точка а) од овој правилник.

(2) Во поканата за доставување на понуди, пензиското друштво ги наведува и критериумите за избор на две домашни правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност за задолжителен и/или доброволен пензиски фонд согласно член 6 став (2) на овој правилник.

**Член 5**

Понудата, од член 4 на овој правилник, на домашното правно лице кое врши услуги со хартии од вредност особено треба да содржи:

а) потврда за бројот на вработени овластени брокери со најмалку 2 години работно искуство како овластен брокер и потврда за остварен промет при класично тргување за последните шест месеци од домашното правно лице кое врши услуги со хартии од вредност, издадени од Македонска берза;

б) изјава од одговорно лице на домашното правно лице кое врши услуги со хартии од вредност дека ги исполнува условите согласно Правилникот за кадровска, техничка и организациона оспособеност за основање и работење на овластено правно лице за вршење услуги со хартии од вредност, донесен од страна на Комисија за хартии од вредност;

в) понуда за висината на трансакциските провизии кои ќе се наплатува за секој вид на финансиски инструмент посебно изразена како процент со две

децимални места и
г) други документи, определени од пензиското друштво во поканата за доставување на понуди.

**Член 6**

(1) Пензиското друштво ги известува домашните правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност, кои доставиле понуди, за датумот на отворање на понудите и за можноста за присуство на нивни претставници на отворањето.

(2) Пензиското друштво избира две домашни правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност кои ги исполниле критериумите од член 3 на овој правилник за секој вид на финансиски инструмент на задолжителен и/или доброволен пензиски фонд, врз основа на најнискиот износ на трансакциска провизија и потпишува договори со нив.

(3) Доколку нема можност за избор на две домашни правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност со најповолни понуди поради иста големина на трансакциските провизии, пензиското друштво ги избира домашните правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност врз основа на прецизни критериуми пропишани од страна на пензиското друштво кои вклучуваат комбинација од најмалку следните критериуми: обем на класично тргување со хартии од вредност за последните шест месеци, број на брокери и квалитет на услуга.

**Член 7**

(1) Пензиското друштво ги доставува до Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување извештајот за текот на постапката за избор и договорите склучени со избраните домашни правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност, во рок од 15 дена од изборот.

(2) Договорите склучени со избраните домашни правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност влегуваат во сила по давање на согласност од страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.

(3) Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување може да одбие да даде согласност на договорите склучени со избраните домашни правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност доколку:

а) постапката за избор не е спроведена во согласност со овој правилник и

б) со трансакционите провизии или други одредби од договорите склучени со избраните домашни правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност се загрозуваат интересите на членовите и пензионираните членови на пензиските фондови.

**Член 8**

(1) Пензиското друштво треба континуирано да ја следи работата на

избраните домашни правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност и да раскине договор со правно лице доколку:

а) Комисијата за хартии од вредност на Република Македонијана некое од претходно избраните домашни правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност му издаде решение за привремена забрана на сите или дел од услугите со хартиите од вредност или решение за одземање на дозволата за вршење на услугите во врска со хартии од вредност;

б) Македонска берза за хартии од вредност на некое од претходно избраните домашни правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност му изрече мерка за привремено исклучување од членство во берзата и трајно исклучување од членство на берзата или

в) Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување утврди дека со работењето на некое од претходно избраните домашни правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност се загрозени интересите на членовите и пензионираните членови на пензиските фондови .

(2) Доколку раскине договор со едно од домашните правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност, врз основа на ставот (1) на овој член или на барање на домашното правно лице кое врши услуги со хартии од вредност, пензиското друштво може:

а) да потпише нов договор со домашното правно лице кое врши услуги со хартии од вредност кое во претходната постапка за избор било следнорангирано согласно одредбите од овој правилник или

б) да спроведе нова постапка за избор на едно правно лице кое врши услуги со хартии од вредност согласно одредбите од овој правилник.

**Член 9**

Со влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилник за потребниот обем на тргување и неопходната кадровска, техничка и организациона оспособеност на домашните правни лица кои можат да бидат избрани за вршење науслуги со хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 138/2008, 157/2009 и 26/2011).

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

**Член 11**

(Член 4 од "Службен весник на Република Македонија" бр.47/2014)

За постапките за избор на домашни правни лица за вршење на услуги со хартии од вредност започнати пред влегување во сила на овој правилник ќе се применуваат одредбите од овој правилник.

**Член 12**

(Член 5 од "Службен весник на Република Македонија" бр.47/2014)

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

**Член 13**

(Член 3 од "Службен весник на Република Македонија" бр.32/2018)

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

Претседател на Совет на експерти,с.р
д-р Булент Дервиши